0201-
30.05.2024

Точка 2/3
35-то Годишно Собрание на Акционери, 30/05/2024

***<u>Предлог</u>***

Врз основа на член 25 став 1 точка 4 од Статутот на ОКТА АД – Скопје, член 383 став 1 точка 4 и член 384 став 2 точка 3 и став 5 од Законот за трговските друштва, Собранието на акционери на ОКТА АД – Скопје на својата 35-та седница на Годишното Генерално Собрание одржана на ден 30.05.2024 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за одобрување на работата на членовите на Одборот на директори**

**Член 1**

СЕ ОДОБРУВА работата на сите членови на Одборот на директори на ОКТА АД – Скопје и тоа:

1. г. Дионисиос Роутсис
2. г. Вук Радовиќ
3. г. Андреас Триантопоулос
4. г. Даниил Антонопоулос, член до 23.07.2024 година
5. г. Василиос Багиокос
6. г. Панос Схиатис и
7. г. Александрос Тзадимас, член до 23.07.2024 година
8. г. Димитриос Пасхос, член од 24.07.2024 година и
9. г-ѓа Тхеодора Петроула, член од 24.07.2024 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

Годишно Собрание на Акционери
Претседавач

Образложение

Согласно член 383 став 1 точка 4 од Законот за трговските друштва (ЗТД) и член 25 став 1 точка 4 од Статутот на Друштвото, во надлежност на Собранието на акционери е да ја одобрува работата и водењето на работењето со друштвото од страна на членовите на Одборот на директори. Согласно член 384 став 2 точка 3 од ЗТД, работата на Одборот на директори се одобрува на Годишното собрание на акционери.

Согласно член 384 став 5 од ЗТД, за одобрувањето на работата на членовите на органите на друштвото се гласа одделно за секој член на органот, додека согласно став 6 од истиот член, расправата и одобрувањето на работата на Одборот на директори мора да биде поврзана со расправата за годишната сметка, финансиските извештаи и годишниот извештај за работата на друштвото во претходната деловна година.

Согласно член 361 став 1 од ЗТД, членовите на Одборот на директори се должни овластувањата што им се дадени со закон и со статутот на друштвото, да ги вршат во интерес на друштвото и во интерес на сите акционери, со внимание на уреден и совесен трговец.

Согласно член 367 од ЗТД, Одборот на директори има најмалку 3, а најмногу 15 члена. Согласно член 43 став 2 од Статутот на ОКТА АД – Скопје, Одборот на директори има вкупно 7 членови, од кои 2 се независни членови, додека согласно став 3 од истиот член, Одборот може да назначи до 3 извршни членови.

Согласно член 373-а од ЗТД, Одборот на директори, во текот на годината, задолжително одржува најмалку четири редовни состаноци, и тоа на секои три месеци.

Во текот на 2023 година, членовите на Одборот на директори активно учествуваа во работењето на Друштвото, секој во рамките на своите надлежности, при што беа одржани вкупно 8 состаноци на Одборот на директори, на кои беа разгледувани и расправани сите значајни прашања од неговиот делокруг и надлежности. Одборот исто така донесе одлуки и без одржување на состаноци, во 3 (три) засебни наврати во текот на 2023 година. Своите овластувања и обврски, членовите на Одборот ги извршуваа законито, одговорно, совесно и со потребното внимание предвидено со ЗТД, и притоа, дури и во услови на потешкотии во деловното опкружување, забележано е речиси целосно исполнување на бизнис планот и другите планови на Друштвото за 2023 година, а деловната 2023 година ОКТА АД – Скопје ја заврши со остварена чиста (нето) добивка во износ од 191,686,228.00 денари.

Имајќи го предвид горенаведеното, на својот 213-ти состанок одржан на ден 26.04.2024 година, Одборот на директори ја утврди оваа предлог Одлука наменета за Годишното собрание на акционери, со предлог да се одобри работата на секој член на Одборот на директори поединечно.